ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА
МЕРКИ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ ИЛИ УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КОРОНАВИРУС (COVID-19)

ПРЕПОРАКИ ЗА ВРАБОТЕНИ ВО ПРОДАВНИЦИ (МАРКЕТИ)
Препораки/известувања за сите присутни во продавницата (маркетот)

Пред влезот на самиот објект поставете подлога со средство за дезинфекција

Секој корисник/потрошувач пред да влезе во просторот мора да ги избрише чевлите од подлогата во која има средство за дезинфекција;

Насоки за однесување во продавницата

На влезот/видно место и внатре во просторот на продавницата, поставете јасни насоки за однесување на потрошувачите;

ПРЕПОРАКИ ЗА ЗАШТИТА НА ВРАБОТЕНИТЕ

Користете заштитна маска

Заштитната маска ќе ви помогне да не вдишувате инфициран воздух, ќе ве заштити од внесување на капки секрет кои ги исфрлаат корисниците /потрошувачите додека ви се обраќаат

Користете заштитни ракавици

Заштитните ракавици ќе ве заштитат од директен допир со инфицирани површини. Имајте во предвид дека во текот на работата треба да бидете сконцентрирани и да внимавате да не го допирате лицето (очи, нос, уста)

Користете средство за дезинфекција

По услужување на секој потрошувач **употребете средство за дезинфекција** врз ракавиците, со цел да не бидете преносител на вирусот, или за секој потрошувач менувајте нов пар на ракавици.

Контролирајте го редот и однесувањето на потрошувачите

Организирајте го редот и однесувањето на присутните со поставување на соодветни информативни табли и знаци со кои ќе им укажете како да се однесуваат

Држете безбедно растојани

За работник на каса, потребно е да се постави соодветна **мобилна граница (одбивник)**, со што ќе овозможи доволно растојание помеѓу вработениот и потрошувачот

Одржувајте ја хигиена на работното место

Со крпа натопена со средство за дезинфекција или антибактериски марамчиња практикувајте повремено да ги **пребришувате површините на работното место и средствата кои се користат**

Правилно отстранете ги личните заштитни средства

По напуштање на работното место извадете ги заштитните ракавици и заштитната маска, фрлете ги во корпа со поклопец и задолжително добро измијте ги рацете со сапун и топла вода

НАПОМЕНА: Настојувајте, што почесто, кога е можно и во текот на денот, а секој ден по завршување на работното време, задолжително, да се изврши дезинфекција на целиот простор (работни површини, средства за работа, под, полици, ладилници, врати и сл.)

ВНИМАВАЈТЕ!!! Доколку имате симптоми на COVID-19 веднаш напуштете го работното место и постапете согласно препораките на компанијата во која работите или надлежните институции јавете се на еден од јавно објавените контакт броеви.

Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; https://oshwiki.eu/;